Трговско радиодифузно друштво
ТВ МТМ ДООЕЛ
Бр. 3016/23
14.07.23 год.
СКОПЈЕ 1

МТМ
1 СКОПСКА

"Методија Андонов Ченто" 10/1-6, 1000 Скопје
Тел: 02/2521-003 office@mtm.mk
www.mtm.mk

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено: | 14.07.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 01 | 2786/2 | 1 | |

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

contact@avmu.mk

Скопје, 14.07.2023

**Предмет:** Учество во јавна расправа - мислење и предлози за Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

Предлогот се однесува на промената на Член 15 Во глава „VI. КАДРОВСКИ УСЛОВИ" подглава „Број и структура на вработените", членот 22 од Правилникот став 3:
Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос да има најмалку

7 (седум) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д1-Скопје;

**Нашиот предлог е:**

**4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програма, ако има дозвола за емитување програма на регионално ниво;**

Предлогот за промената на овој дел од Правилникот го поткрепуваме со неколку факти:

- Изделувањето на регионот Д1-Скопје од останатите региони во земјата со предлогот за поголем број вработени не соодветствува на реалната слика на приходите од пазарот на секоја тв станица одделно, а не како регион. Регионот Д1 има најголем број тв од сите останати и оттука заедничкиот приход е поголем, споредбено со другите региони каде што доминантно е останата по една регионална телевизија.

- Трошоците кои ги има една терестријална тв во скопскиот регион за дозволите за емитување програма, споредбено со регионална тв која емитува програма преку неограничен ресурс – кабелски оператор во другите региони. Ако се направи споредба со некои региони, тиė се за десет пати поголеми.

- Нееднаквата можност за борба на пазарот на реклами и со години недостижната конкурентност на регионалните телевизии од главниот град со националните телевизии. Имено, пазарот покажа дека ниту еден модел на програмска понуда, содржина или инвентивност не може да ги побие стереотипите дека за која било кампања Скопје секогаш ќе биде „покриено" со национала тв за разлика од останатите региони и области каде се уште се верува во локално-

МТМ
1 СКОПСКА
"Методија Андонов Ченто" 10/1-6, 1000 Скопје
Тел: 02/2521-003 office@mtm.mk
www.mtm.mk

регионалната психолошка врска со населението и гледачите. Ова со години наназад го практикуваат поголемите огласувачи, маркетинг агенциите и секако најголемите плаќачи со најголеми буџети - политичките партии за време на изборните кампањи. Да не го заборавиме и целосниот хаос во маркетинг просторот за кој во голема мера придонесоа интернет порталите и социјалните мрежи, присвојувајќи го и она малку што остана.

Ако ги погледнете буџетите по завршните сметки и досегашните трошоци кои ги имаме за исплата на плати за вработени во редовен работен однос, исплата на вработени со авторски договори, дозволи за емитување програма, за набавка на програма и други тековни трошоци и доколку на платниот список се зголеми бројот на лица во редовен работен однос, дури и со исплата на просечна плата, без дополнителни реални приходи нема да може да обезбедиме финснсиски средства за непречено вршење на дејноста и да ги исполниме позитивните законски прописи и оттука неминовно ТРД ТВ МТМ ќе мора да престане со емитување програма.

Правилникот како што е предложен безусловно би бил прифатен само доколку се донесе законска рамка со која ќе се помогнат радиодифузерите, особено регионалните и локалните во делот на зголемување на приходите и продукција на програма, за што секако дополнително ќе ни требаат стручни и квалификувани лица.

Ви благодариме на можноста да учествуваме со наше мислење и став за предложениот Нацрт-правилник.

Се надеваме дека овие предлози и размислувања ќе допринесат да се донесе Правилник, кој нема да биде отворен пат за згаснување на дел од регионалните радиодиофузери.

ТРД ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје
Управител
Гордана Андреевска